РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12 - 264/3
15.06 г./v. 2020

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од група подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31 -та седница одржана на ден 12 Јуни 2020 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2523/1 од 23.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од група подносители, а со која се изразуваат наводи и сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањата и за прибавување на противправна имотна корист од страна на -------------------- и други службени и одговорни лица кои ------------------ спрема правното лице --------------------------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2523 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2523/1 од 23.04.2019 година.

По однос на предметниот пријавен случај дејствија за утврдување на злоупотребите и на одговорноста на секој од евентуалните сторители презема надлежниот орган – Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-2523 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителите на пријавата – преку достава до еден од подносителите, ---------------------------------------.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-2523 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2523/1 од 23.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од група подносители.

Пријавата содржи наводи и сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувањата и за прибавување на противправна имотна корист од страна на --------------------- и други службени и одговорни лица кои ------------------------------- спрема правното лице --------------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителите, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

Имено, заради целосно утврдување на фактичката состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барања за податоци, информации и документација од Министерството --------------------- и од Министерството --------------------- на Република Северна Македонија.

Последователно, по достава на барањата, односно и по достава на ургенција до Министерството ----------------------- на Република Северна Македонија Државната комисија за спречување на корупцијата со писмен одговор доставен од Министерството ---------------------------, ---------------------------------- известена

дека наведената ---------- при ------------- постапила на предметниот пријавен случај со обезбедување на документација, која - со потребните објаснувања и информации ја доставила, во два наврати, со писмени известувања од ---------- година и од ---------- година - до Основното јавно обвинителство Скопје.

Врз основа на сите околности на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека по наводите од пријавата постапуваат други надлежни органи во Република Северна Македонија, односно дека по однос на предметниот пријавен случај дејствија за утврдување на злоупотребите и на одговорноста на секој од евентуалните сторители презема надлежниот орган – Основното јавно обвинителство Скопје.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

Одлучено на ден 12 Јуни 2020 година под бр. 12-264/3

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил Катица Николовска, член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930